**Известување за концентрација со која НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о, Словенија ќе стекне контрола над веб платформа со назив DoberAvto.si во сопственост на АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о., Словенија**

**(предмет бр. 08- 146 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), на ден 30.10.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на контрола од страна на НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о., друштво организирано и постоечко согласно законите на Словенија, со седиште на Шландрова улица 2, 1231 Љубљана-Чрнуче, Словенија над веб платформа со назив DoberAvto.si во сопственост на АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о, со седиште на Дунајска цеста 128А, 1000 Љубљана, Словенија.

Трансакцијата се заснова на Договор за пренос на бизнис (во натамошниот текст: ДПБ) од 23 октомври 2024 година, склучен помеѓу АМЗС како Продавач и Подносителот на Известувањето како Купувач.

-**НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о.** е регистриран на 21.10.2024 година како Друштво за посебна намена, за целите на Трансакцијата. Регистрираната дејност на Подносителот е работење со интернет платформи.

НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о. е дел од НЛБ Групацијата.

НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и
- Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје со ЕМБС 6364578, со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

-**АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о** е главен давател на услуги што им ги дава на своите членови Автомобилскиот сојуз на Словенија. Основната дејност на друштвото е давање услуги за членовите на АМЗС и други возачи и, во помала мера, продажба на стоки.

АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о е поврзано лице на Автомобилскиот сојуз на Словенија.

Платформата е активна само во Република Словенија.

АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија ниту има остварено промет во 2023 година на пазарот во Република Северна Македонија.

Предложената концентрација се однесува на пазарот на дигитален пазар за нови и користени возила.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

31.10.2024 година

Скопје